Врз основа на член 190 и член 152 став 5 од Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија, бр. 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011 и 13/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 07.10.2013 година, го утврди неофицијалниот пречистен текст на Правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник. Неофицијалниот пречистен текст на Правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник ги опфаќа: Правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник (Службен весник на РМ број 110/2006) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник (Службен весник на РМ број 101/2013).

**Број 01-1706/1**
**Скопје, 07.10.2013 година**

**Комисија за хартии од вредност на Република Македонија**
**Претседател**
**М-р Елизабета Чингаровска**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНЕН СОВЕТНИК
## (неофицијален пречистен текст)

### Член 1

Со Правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник се уредува постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник (во понатамошниот текст: Правилник).

### Член 2

Инвестициониот советник е должен да ја обновува дозволата за работење секоја петта година.

### Член 3

Инвестициониот советник поднесува барање за обновување на дозволата за работење до Комисијата за хартии од вредност во рок од три месеци пред истекот на рокот од член 2 на овој Правилник.

## Член 4

Кон барањето за обновување на дозволата за работење, инвестициониот советник до Комисијата за хартии од вредност доставува:

1. Биографија, со податоци за датумот и местото на раѓање, адресата на живеење;
2. Доказ (уверение/свидетелство/диплома) за степенот на стручна подготовка;
3. Уверение за положен стручен испит за инвестиционо советување;
4. Уверение не постаро од 30 дена од надлежен суд дека лицето не е осудувано со правосилна судска одлука за кривично дело во последните пет години пред поднесување на барањето за обновување на дозволата за работа на инвестиционен советник;
5. Изјава не постара од 30 дена од лицето кое бара обновување на дозволата за работа на инвестиционен советник, дадена под целосна кривична и материјална одговорност и заверена кај нотар, дека истото не било осудувано со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување стечај на правно лице и
6. Доказ за уплатен надомест за разгледување и одлучување по барањето за обновување на дозволата за работа на инвестиционен советник, согласно Тарифникот за висина на одделните надоместоци што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност.

## Член 5

Документацијата од член 4 на овој Правилник треба да биде доставена до Комисијата за хартии од вредност во оригинал или нотарски заверен препис на оригиналот.

## Член 6

(1) Комисијата е должна по барањето за обновување на дозвола за инвестициски советник да одлучи во рок од 30 календарски дена од денот на доставување на барањето до Комисијата.

(2) Во случај Комисијата за хартии од вредност да одлучи да не ја обнови дозволата за работење на инвестициониот советник, должна е да даде образложение за причините за недавањето дозвола за работа.

## Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".